ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Национална установа Национална опера и балет

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (603) за 2020 година.

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- отсуство на годишни и месечни планови за работното време и не усвоен акт за реаудиција на веќе вработените лица во установата;
- слабости при спроведување на пописот на материјалните средства, ситниот инвентар и залихите, како и неизвршен попис на дел од средствата;
- исплати на средства кои не се правно поткрепени и по фактури без приложена поткрепувачка документација;
- утврдени слабости кај дел од спроведените постапки за јавни набавки.

**Издадено мислење*:**
Изразено е неповолно мислење во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2020 година.

**Клучни системски слабости:**
- слабости во делот на финансирањето на установите од областа на културата;
- интензивирање на активностите за формирање на работната група на Министерство за култура, Македонската опера и балет и Македонската филхармонија во соработка со Македонската радио-телевизија за спроведување на акциски план за развој на културата преку анализа на потребните и расположливите кадровски капацитети во насока на целосна реализација на Национална стратегија за развој на културата во Република Македонија;
- слабости во Законот за културата за вработување на категоријата А уметници во НУ што влијае на остварување на квалитет во работењето.

**Клучни препораки:**
- донесување на годишни и месечни планови за работното време и спроведување на постапка за реаудиција;
- спроведување на целосен попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- подобрување на нивото на конкуренција при реализација на постапките за јавни набавки.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на директорот на установата.

**Одговор на добиени забелешки:** една забелешка делумно се прифаќа, а останатите претставуваат коментар за констатираните состојби и не се добиени дополнителни докази кои би влијаеле на промена на утврдената состојба во извештајот.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-025/2018